*ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА РЕВИЗОРСКА КОМПАНИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКА РЕВИЗИЈА НА НСРР*

## 1. За Сојуз – Национален совет за родова рамноправност ( НСРР )

Националниот совет за родова рамноправност (НСРР) е национална мрежа на локални женски организации посветена на родова рамноправност, заштита на женските и човековите права, развој и градење мир. НСРР има мисија да ги промовира правата на жените, да работи на елиминација на сите форми на дискриминација на жените и на градење во општество со еднакви можности за сите. За спроведување на својата програма за работа и реализирање на стратегијата на организацијата за период од 2022 – 2025 година, НСРР обезбеди оперативен грант од фондови на Европската Унија со наслов „Визија, мисија и стратегија на НСРР 2022-2025, ГРП 2024“. Согласно со Стратегијата на НСРР, целта на годишната програма е да придонесе кон родовата рамноправност и почитување на женските права како основни човекови права во Република Северна Македонија. Една од целите кон кои НСРР се стреми во овој период е:

• ***Зајакнување на ефективноста, ефикасноста, транспарентноста, отчетноста и одржливоста на мрежата и нејзините регионални центри.***

Спроведувањето на активностите од годишната програма е следено од страна на надворешна експертка.

## 2. Опис на задачите

Целта на овој повик е да се имплементира финансиска ревизија на работењето на Сојуз – Национален совет за родова рамноправност во периодот од 1 јануари до 31 декември 2023 година. Ова вклучува:

- Ревизија на финансиските извештаи за периодот од 1 јануари до 31 декември 2023 година. Ова треба да биде реализирано во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и врз основа на евиденцијата обезбедена од сметководствениот систем. Сите потребни документи, извештаи, правилници, информации поврзани со проектите на НСРР, потребни за реализација на ревизијата ќе бидат обезбедени од страна на програмскиот тим на НСРР.
- Поднесување на финален ревизорски извештај на македонски јазик кој содржи: законска ревизија потпишана од страна на ревизорот, ревидирани финансиски извештаи, белешки кон финансиските извештаи, заклучок и препораки.

Ревизијата треба да ги опфати следниве области:

- Приходи: ревизијата ќе ги опфати сите видови приходи на НСРР ;
- Расходи: ревизијата ќе ги опфати сите видови трошоци на НСРР;
- Данок на доход: ревизијата ќе ја опфати пресметката на стапката на данок на доход, согласно законските регулативи;
- Тековните средства на организацијата;
- Ревизија на оперативниот фонд на НСРР ( резерви, вишок на приходи/расходи по оданочување);
- Ревизија на тековните обврски на НСРР ( краткорочни и долгорочни );

Преку ревизијата ќе се утврди точноста и транспарентноста на финансиското работење на организацијата, ќе се утврди усогласеноста со законските регулативи во РСМ, ќе се идентификуваат ризиците и ќе се обезбедат препораки за оптимална употреба и алокација на ресурсите на организацијата.

### 3. Времетраење на активноста

Временската рамка за спроведување на активноста е најмногу 3 месеци од датумот на потпишување на договорот, но не подоцна од 01.10.2024 година.

### 4. Начин на плаќање

Плаќањето ќе биде реализирано преку фактура, по реализирани услуги со динамика утврдена во договор за услуги, односно по доставување на финален ревизорски извештај.

### 5. Финансиска понуда

Финансиската понуда треба да се достави со бројки и букви, изразена во денари и на македонски јазик. Проектот „Визија, мисија и стратегија на НСРР 2022-2025, ГРП 2024 година“ е поддржан од страна на Делегацијата на Европската Унија во РСМ, истиот е ослободен од сите давачки и даноци, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност ( ДДВ ). **Финансиската понуда не треба да го вклучува износот за ДДВ.**

***НСРР ќе го плати нето – износот ( без ДДВ ) и ќе ги достави сите потребни документи наменети за спроведување на постапката за поврат на ДДВ при промет на добра и услуги во земјата.***

### 6. Критериуми кои треба да ги исполнуваат понудувачите

Ги охрабруваме да се пријават понудувачите кои ги исполнуваат следниве критериуми:

- Компанијата треба да биде формирана согласно Законските регулативи во РСМ и активна најмалку 3 години;
- Професионално работно искуство во имплементација на ревизии во рамките на граѓански организации, интернационални организации, проекти, програми реализирани од страна на НВО во нашата земја;

Co-funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

НСРР

## 7. Евалуација на понудите

Понудите ќе бидат оценувани од страна на Евалуациската комисија формирана во рамки на проектот „Визија, мисија и стратегија на НСРР 2022-2025, ГРП 2024". Компаниите ќе бидат оценувани по следниве критериуми:

- Професионално искуство на компанијата **– 40 поени**
- Финансиска понуда – **60 поени**

*Максималниот број на поени изнесува 100 поени.

## 8. Начин на пријавување

Заинтересираните компании, треба да ги достават следниве документи:

- Тековна сметка на компанијата, не постара од 6 месеци;
- Краток опис на компанијата и портфолио на компанијата, со најзначајните ангажмани во областа;
- Финансиска понуда изразена во денари, без вклучен ДДВ;
- Пополнета и потпишана изјава ( Анекс А ).

*Целосната документација треба да биде доставена во електронска форма на следниве е – маил адреси: stanovikmartina@gmail.com , teazografska@gmail.com и sozm@t.mk , со предмет Апликација за ангажирање на ревизорска компанија, **најдоцна до 16 часот, 9 мај 2024 година.**

**Некомплетни понуди и понуди испратени по предвидениот рок нема да бидат евалуирани.**

Co-funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

НСРР

**Анекс А – Изјава од понудувач**

**ИЗЈАВА**

Јас, долупотпишан ( име и презиме ) ____________________ во функција на овластен застапник на __________________( име на компанијата) со целосна морална и материјална одговорност изјавувам дека :

- Компанијата во целост ги исполнува критериумите наведени во наведни во повикот за ангажирање на ревизорска компанија објавен од страна на НСРР
- во последните 5 години, на понудувачот не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на понудувачот не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот нема неплатени даноци, придонеси или други давачки; освен ако на економскиот оператор му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;
- на понудувачот не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност, и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара договорниот орган

**Датум и место** **Име и Презиме**

_________________________ _____________________________

**(позиција)**